ЗДРУЖЕНИЕ НА РАКОМЕТНИ КОНТРОЛОРИ И ДЕЛЕГАТИ НА МАКЕДОНИЈА
бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 15 - 1000 Скопје

# П Р А В И Л Н И К
# за ПОЛАГАЊЕ и УНАПРЕДУВАЊЕ на членовите на ЗРКМ

**Скопје, 15.06.2025 год.**

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОЛАГАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗРКМ

**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ:**

**Член 1.**

Овој правилник целосно го регулира начинот на додавање, унапредување и класификација на членовите на Здружение на ракометни контролори и делегати на Република Македонија (во натамошниот текст ЗРКМ).
Зборовите член, контролор и делегат се однесуваат на машки и женски пол и не прават никаква родова разлика помеѓу членовите на ЗРКМ.
Стекнатите категории на член не можат да бидат одземени.
За целите во овој Правилник, се сметаат листите на кој е вклучен контролорот или делегатот на почетокот на натпреварувачката сезона.

**Член 2.**

**Член на здружение на ракометни контролори и делегати може да стане:**
а) лице кое го положило испитот врз основа на одредбите од Статутот на ЗРКМ и други правилници за контролор или делегат во Република Македонија;
б) лице кое нема пречка да ги извршува должностите на контролор или делегат врз основа на одредби од Законот за спорт и Статутот на ЗРКМ;
в) лице кое не е спречено со одлука на надлежен орган поврзан со спортот да стане член на ЗРКМ;

**Член 3.**

Комисијата за стручни прашања на ЗРКМ дава свое мислење и препораки до Управниот одбор врз основа на прописите и целокупното следење на работата на членовите при извршување на нивните службени должности и активности и работа во собранието на Здружението на ракометни контролори и делегати на Република Македонија.
Критериумите за рангирање на контролорите и делегатите ги усвојува Управниот одбор на ЗРКМ по предлог на комисијата за стручни прашања.
Листите на контролори и делегати ги усвојува и потврдува Управниот одбор на ЗРКМ пред почетокот на секоја натпреварувачка сезона согласно овој правилник.
Бројот на контролори и делегати на листите за сите натпреварувања го одредува Управниот одбор на ЗРКМ по предлог на делегатско-контролорски регионални зборови и комисијата за стручни прашања.
Управниот одбор на ЗРКМ ги испраќа листите на контролори и делегати до Управниот одбор на Ракометна Федерација на Македонија за нивна верификација согласно член 29 од Статутот на ЗРКМ.

**Член 4.**

Член на ЗРКМ кој работи како тренер, е активен член на извршното тело на клуб, или вработен во клуб, не може да биде на листата на контролори или делегати во ранг на натпреварување каде настапува тој клуб.

**Член 5.**

Контролорот или делегатот е должен да ги посетува сите семинари во организација на ЗРКМ, да ги исполнува потребните критериуми и стандарди врз основа на правилата на ракометната игра, пропозициите и другите одлуки донесени од Управниот одбор на ЗРКМ.
Контролор или делегат кој не ги исполнува условите наведени во став 1 од овој член, нема да може да биде на листа на контролори или делегати и да ги извршува своите должности сè додека не ги исполни.
Управниот одбор на ЗРКМ одлучува за терминот на повторно полагање на испитот, по предлог на комисијата за стручни прашања.

**Член 6.**

Секој активен член на ЗРКМ има право и обврска да извршува должност делегат-контролор на натпревар.
За да извршува должност контролор или делегат, членот мора да поседува лиценца од ЗРКМ важечка за тековната натпреварувачка сезона.

**<u>Контролори:</u>**

**Член 7.**

Контролор може да стане секој ракометен судија од минимум републичка категорија, кој судел натпревари во младинските лиги и прва лига најмалку 5 (пет) години. Ракометни судии кои завршиле со судиска кариера, а немаат 5 (пет) години стаж како судии, може да полагаат за делегат и со успешно положен испит, да бидат на листа на делегати. Делегати кои поради недостаток на контролори, по одлука на УО на ЗРКМ, полагале и се наоѓаат на листа на делегати-контролори повеќе од 5 год. го задржуваат правото да бидат контролори, и имаат право на напредување но максимум до Прва машка лига и Супер женска лига. Во првите 5 год. остануваат само делегати.

**Член 8.**

**Контролорите се поделени во 3 категории:**

1. **Контролори со републичка категорија;**
2. **Контролори со републичка А категорија;**
3. **Контролори со меѓународна категорија (ЕХФ или ИХФ);**

Поседувањето на категоријата меѓународни судии на EHF или IHF, при нивно активно престанување, резултира со задолжително вклучување на највисоката листа на контролори во Република Македонија (стануваат по автоматизам контролори со републичка А категорија). При предвремено престанување на функцијата меѓународен судија, ова се применува само за судии кои биле на листа на ЕХФ најмалку 10 сезони.

**<u>Контролори со републичка категорија:</u>**

**Член 9.**

Само судија кој престанал да суди може да полага испит за контролор од републичка категорија. Кандидатот за контролор, при доставување на молба за полагање, мора да достави од Судискиот збор потврда како доказ исполнување на услови за полагање на испит за контролор (согласно член 7 од овој правилник).
Комисијата за стручни прашања може да донесе одлука за проверка на веродостојноста на потврдата, и доколку утврди дека нема стаж од 5 (пет) години како судија, може да му предложи на УО на ЗРКМ да донесе одлука да не му дозволи да полага испит за контролор, односно може да полага и се вклучи на листата на делегати. Одлуката на Управниот одбор на ЗРКМ е конечна.

**Член 10.**

Управниот одбор на ЗРКМ ја утврдува висината на таксата за полагање на испитот за контролор и делегат. Плаќањето на таксата се врши исклучиво однапред со уплата на жиро сметка на ЗРКМ. Таксите за испит наведени во став 1 ги плаќа секое лице лично на жиро сметка на ЗРКМ, а изнесува: за републички контролор, висина на такса во износ на една такса во машка прва лига; а такса за републички А контролор, висина на такса во износ на една такса во машка супер лига во моментот на полагање на испитот.

**Член 11.**

Кандидатот кој нема да изврши однапред уплата на таксата за полагање, или не го положи испитот за контролор од републичка категорија, се смета дека не го положил испитот, и нема да биде примен за член на ЗРКМ. Правото за повторно полагање на тестот за добивање на категоријата се остварува следната сезона.

**<u>Контролори со републичка А категорија</u>**

**Член 12.**

Звање контролор на судење од републичка А категорија може да ја добие секој контролор кој поседува звање контролор со републичка категорија најмалку 2 (две) години, и се наоѓа најмалку 2 (две) сезони на листа на прва лига со доказ дека бил номиниран од страна на натпреварувачка комисија на РФМ или комесар за натпреварување на РФМ за вршење должност контролор во последните 2 (две) натпреварувачки сезони. Кандидатот е должен да достави молба и список на натпревари од првата машка и супер женска ракометна лига во изминатите 2 (две) сезони. Истиот треба навреме да изврши уплата за такса за полагање и успешно да го положи испитот за контролор со републичка А категорија.

**Член 13.**

Кандидатот кој нема да го положи испитот за контролор од републичка А категорија останува контролор од републичка категорија. Правото за повторно полагање на тестот за добивање на републичка А категорија се остварува следната сезона.

**Контролори со меѓународна категорија (EHF или IHF)**

**Член 14.**

Контролор со републичка А категорија се стекнува со категоријата меѓународен контролор со положување на испитот EHF или IHF, со одлука на EHF или IHF.
За да може контролорот со државна А категоријата да поднесе барање за полагање на испит од став 1, тој мора да ги исполнува условите пропишани од EHF и IHF.
ЕХФ и ИХФ имаат свои прописи и услови за начинот на поднесување и тие се одговорни за нивно спроведување.

**Член 15.**

Контролор кој се стекнал со меѓународна категоријата EHF или IHF во ракомет во сала, резултира со задолжително вклучување на највисоката листа на контролори во Република Македонија.

**РЕГИОНАЛНА СТРУКТУРА**

**Член 16.**

Управниот одбор на ЗРКМ може да ги подели своите членови на територијални региони кои се здружуваат и работат во зборови. Зборови може да се формираат на една од 5 (пет) територијално распределени единици. Регионите во кои се класифицирани членовите се Исток, Север, Центар, Запад и Југ.
Предлогот за организација на зборовите го предлага комисијата за стручни прашања, а го прифаќа Управниот одбор на ЗРКМ.

**Член 17.**

Секој регион во принцип треба да биде застапен во УО на ЗРКМ со по еден член. Членот на УО на ЗРКМ во принцип е задолжен за работата на зборот од неговиот регион. Тој член е регионален координатор. Регионалниот координатор мора да ги исполнува следниве критериуми:
- активно да учествува во работата како контролор најмалку 5 години;
- дека во последните 2 (две) години не е дисциплински казнет за нарушување на угледот и честа на ЗРКМ.

Комисијата за стручни прашања може да предложи и кандидат кој не ги исполнува наведените критериуми доколку во тој регион нема лице кое ги исполнува условите за регионален координатор, но мора да ги објасни причините за предлагање на таков кандидат на седница на УО на ЗРКМ.

**Член 18.**

Комисијата за стручни прашања може да даде предлог да се отповика член на регионалниот координатор во секое време доколку истиот е неактивен и да предложи до претседателот на ЗРКМ нов член за координатор. Предлогот на претседателот го разгледува Управниот одбор и одлучува за разрешување и назначување на нов регионалниот координатор помеѓу 2 (две) седници на собранието на ЗРКМ.

**МЕНТОРИ:**

**Член 19.**

Комисијата за стручни прашања во интерес на усовршување на младите судии и контролори, може да му предложи на УО на ЗРКМ да назначи стручни лица - ментори. Работата и методот на менторска комуникација ги предлага стручната комисија.
Секој член на ЗРКМ кој ги исполнува следниве критериуми може да стане ментор:
а) активно да учествува во работата на ЗРСМ и ЗРКМ најмалку 15 години како судија или контролор;
б) доказ дека во последните 10 (десет) години не бил дисциплински казнет за нарушување на угледот и честа на ЗРСМ, ЗРКМ и РФМ;
в) да биде на списокот на контролори со минимум републичка А категорија или
г) да биде меѓународен судија на листа на EHF или IHF повеќе од 5 години.

**Член 20.**

Планот и програмата за обврските на менторот ги пропишува УО на ЗРКМ.

**ЛИСТИ НА КОНТРОЛОРИ И ДЕЛЕГАТИ:**

**Општи одредби**

**Член 21.**

Управниот одбор на ЗРКМ ја утврдува возраста на контролорите и делегатите на 1 јули секоја година (согласно член 16 од Статутот на ЗРКМ и регистарот на ЗРКМ).

**Член 22.**

При одредувањето на листите за следната натпреварувачка сезона, сите контролори и делегати се на рамноправна основа во однос на листите на кои се наоѓаат, освен контролорите и делегатите кои што се дисциплински санкционирани на временска казна подолга од 3 (три) месеци.

Доколку нивното вршење на функцијата делегат-контролор не ги исполнуваат дадените критериуми во истата сезона, тие можат да го изгубат својот статус на контролор на листа на која биле во таа сезона.

**Член 23.**

Контролорите и делегатите можат да напредуваат од листа на пониско ниво, на листа во повисоко ниво.

Контролорите и делегатите мора да бидат на листа на одредена лига најмалку две натпреварувачки сезони за да имаат право на влез во повисока лига и категорија републичка А категорија.

Кога активен судија ќе престане да суди и ќе го положи испитот за контролор, се стекнува со звањето контролор со републичка категорија.

Кога меѓународен судија ќе престане да суди, тој се стекнува со звањето контролор со републичка А категорија, и ќе биде вклучен на највисоката листа на контролори на судења, врз основа Статутот на ЗРКМ.

Доколку станува збор за меѓународен судија кој престанал да суди, истиот ќе биде вклучен на листа на контролори на највисоката лига, под услов да не поминало повеќе од една натпреварувачка сезона од престанокот на активното судење.

**<u>МИРУВАЊЕ</u>**

**Член 24.**

Секој член има право да поднесе барање за мирување преку УО на ЗРКМ, електронски или писмено на адресата на ЗРКМ. При поднесување на барање за мирување, членот мора да ги наведе причините поради кои се поднесува мирувањето и мора да наведе дали мирувањето се однесува на полу сезона или на цела сезона.

Член не може да побара мирување за календарска година, туку само за полусезона или за цела сезона.

**Член 25.**

Член на ЗРКМ на кој му е одобрено мирување ги задржува своите права и обврски, но нема можност за напредување за следната сезона.

**Член 26.**

Доколку на член му е одобрено мирување за полусезона или сезона, и сака да го прекине мирувањето, тој/таа треба да поднесе барање за повторно активирање на листата на контролори или делегати.

Со активирање на статусот, сите правила од овој Правилник важат за членот на ист начин како и за сите други членови.

**Член 27.**

Може да се побара мирување за максимум една натпреварувачка сезона.

Доколку стане неопходно, член да го продолжи мирувањето за пролетниот дел од полусезоната, тој/таа е должен/а да постапи согласно член 24, во спротивно ќе се активира неговиот/нејзиниот статус на листата на контролори или делегати на која бил/а во времето на барањето за мирување.

**Член 28.**

Барањето за мирување и прекинување на мирувањето го одобрува претседателот на ЗРКМ.

Претседателот на ЗРКМ може да одбие барање за мирувањето, доколку смета дека не е неопходно да се даде мирување.

Против одлуката од став 2 на овој член, членот има право да поднесе приговор до Управниот одбор на ЗРКМ.

**<u>ИСПИТИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПОВИСОКИ КАТЕГОРИИ</u>**

**Член 29.**

Начинот на спроведување на испитот за добивање републичка А категорија за контролор го предлага Комисијата за стручни прашања и го прифаќа Управниот одбор на ЗРКМ.

**Член 30.**

Стручната комисија на ЗРКМ е должна да ги извести членовите на ЗРКМ и спроведе испити за добивање повисоки категории во текот на натпреварувачката сезона. Доколку нема кандидати за категоријата, комисијата не е обврзана да го спроведе испитот за добивање повисока категорија.

**Член 31.**

Испитот за добивање Републичка А категорија се спроведува писмено, по претходно доставено барање – молба и извршена уплата во висина на таксата на супер машка лига во периодот на одржување на испитот.
Доколку кандидатот ги исполнува критериумите утврдени во правилникот за полагање и напредување на членовите на ЗРКМ, и успешно го завршил полагањето, ќе се смета дека се стекнал со звањето контролор од републичка А категорија на денот на успешно завршеното полагање, на писмениот испит.
Стручната комисија е должна да достави список на кандидатите за постигнатите резултати до Управниот одбор на ЗРКМ.

**Член 32.**

Кандидатот кој не го положи испитот останува контролор на категоријата што ја имал пред полагањето на испитот. Кандидатот ќе има право повторно да го полага испитот за да добие повисока категорија следната сезона.

**Општи одредби**

**Член 33.**

Начинот на контролирање на судискиот пар е преку надзор од страна на контролорот. Контролорот е должен да му даде на судијата објективна оценка на судењето што го контролирал, и задолжително по завршување на натпреварот да одржи стручен состанок со судиите, со анализа на нивните позитивни и негативни страни.

**Член 34.**

Методот на спроведување на контрола, или креирање извештај за оценување на судиски пар, го предлага комисијата за стручни прашања, а го прифаќа Управниот одбор на ЗРКМ.
Максималниот број на поени и распоредот на извештајот од испитувањето ги предлага Комисијата за стручни прашања, а одлуката за ова ја донесува Управниот Одбор на ЗРКМ.

**Ранг на контролор**

**Член 35.**

Методот на контрола на контролорите е преку тест – прашања, контрола на пишувањето на судиските извештаи и активностите на контролорот за време на натпреварот.
Преку активноста на контролорот за време на натпреварот, комисијата за стручни прашања може да побара писмено мислење од судискиот пар за контролорот на натпреварот.

**Член 36.**

Контролата и дејствијата на контролорите може да се вршат преку проверка на видео снимките што се достапни за ЗРКМ преку Ракометна Федерација на Македонија.

**Член 37.**

Рангирањето на контролорите се одредува со примена на негативни поени според следните критериуми:
а) Резултати од теоретскиот испит на семинарот за лиценца;
б) Резултати од анализата на контролите од натпревари во лигите;
в) Резултати од видео анализа на одредени натпревари
г) Мислење за односот на контролорот од страна на судиите.
Рангирањето на контролорите се добива со бодување од најниско до највисоко - контролорот со најмногу негативни поени се рангира на највисокото место.

**Напредување на контролор**

**Член 38.**

Контролор може да биде унапреден на листата ако ги исполнува следниве критериуми:
I. ако е во конечниот пласман од 1-во до 5-то место на листата;
II. ако неговата возраст е во рамките на ограничувањата на овој правилник;
III. ако ги исполнил/а сите норми утврдени на организираните семинари и тест-испити;
IV. освен ако не побара мирување;
Доколку двајца или повеќе контролори имаат идентичен број на поени, комисијата за стручни прашања ќе создаде таканаречено „мини рангирање“ помеѓу контролорите со ист број на поени, а критериумите според кои ќе се креира „мини табелата“ се следниве:
1) Казна за ослободување од делегирање;

2) Негативни поени преку тестот на знаење;
3) Негативни поени преку видео анализа;
Рангирањето во мини табелата е креирано на таков начин што лицето со најмалку негативни поени од „мини табелата“ се става на 1-во место, а потоа другите според негативните поени. Лицето со најмалку поени е рангирано последно и нема право да напредува.
Доколку, откако ќе се добие „мини табелата“, има идентичен број на поени за две или повеќе лица, редоследот меѓу овие лица ќе се одреди врз основа на возраста на контролорот. Најмладиот контролор од „мини табелата“ се пласира на 1-во место, додека најстариот контролор се пласира на последното место. Најдобро рангираниот контролор го користи правото на напредување.

**<u>Испаѓање од листа на контролори – елиминација</u>**

**Член 39.**

Откако ќе се добие конечниот ранг опишан во член 37, контролорот може да биде симнат од листата на контролори на која се наоѓа во последната сезона според следниве критериуми:
I. рангиран е меѓу последните 2 контролори на листата на која се наоѓа во последната сезона;
II. Изречена е дисциплинска мерка - казна од минимум 3 месеци за сторен прекршок - грешки по правила на ракометна игра, правилник за организација на натпревари или непознавање на пропозиции на натпреварување, при обавување на функцијата делегат-контролор на првенствен натпревар;
III. возраст;
Доколку двајца или повеќе контролори имаат идентичен број на поени, стручната комисија ќе создаде таканаречено „мини рангирање“ помеѓу контролорите со ист број на негативни поени, а критериумите според кои ќе се креира табелата се следниве:
1) Казна за изземање од делегирање
2) Негативни поени преку тестот на знаење и лиценца
3) Негативни поени преку видео анализа
Рангирањето во мини табелата е креирано на таков начин што лицето со најмалку негативни поени од „мини табелата“ се става на 1-во место, а потоа другите според негативните поени. Лицето/лицата со најмногу негативни поени нема да бидат вклучени на листата на контролори.
Доколку, откако ќе се добие „мини табелата“, има идентичен број на поени за две или повеќе лица, редоследот меѓу овие лица ќе се одреди врз основа на возраста на контролорот. Најмладиот контролор се пласира на првото место, додека најстариот контролор од „мини табелата“ се пласира на последно место. Контролорот рангиран на последното место нема да биде вклучен на листата.

**Член 40.**

Доколку контролорот побара мирување откако ќе се одиграат повеќе од 2/3 од првенствените натпревари на списокот на кој се наоѓа, комисијата за стручни прашања во овие ситуации може да го примени методот на бодување од член 37, а контролорот, доколку исполнува еден од критериумите од член 37, може да предложи да остане на листа на контролори за следната сезона, за што одлучува УО на ЗРКМ.
Став 1 од овој член не се применува во случај на породилно отсуство.

**Член 41.**

При одредување на контролори за унапредување и невклучување на контролорите на поединечните листи, УО на ЗРКМ мора, покрај горенаведените критериуми, да го земе предвид и начинот на составување на контрола на судењето. УО на ЗРКМ може да побара и писмено мислење од судиските парови за работата и однесувањето на контролорот на натпреварот.
Комисијата за стручни прашања мора да го земе предвид и подмладувањето на листите на контролори во сите лиги.

**<u>АНАЛИЗА</u>**

**Член 42.**

Видео анализата мора да ја спроведе комисијата за стручни прашања и претседателот на ЗРКМ ако е побарана од страна на натпреварувачката комисија на РФМ. Видео анализа може да спроведе комисијата за стручни прашања и претседателот на ЗРКМ и по одредено сознание за одреден натпревар.
Комисијата за стручни прашања и претседателот на ЗРКМ имаат право да изберат и кој било натпревар од сите лиги и нивоа на натпреварувањето и да спроведат анализа на натпреварот.

Откако ќе се спроведе анализата на натпреварот, тие се должни писмено да го известат контролорот за спроведената анализа и резултатите од истата.

**Член 43.**

По спроведувањето на анализата, комисијата за стручни прашања може да предложи намалување или зголемување на бројот на бодови во контролата составена од страна на контролорот, или промена на оценката на контролорот доколку е потребно, и како таква се смета за официјална оценка.
Контролор кој смета дека е оштетен има право да поднесе жалба до Управниот одбор на ЗРКМ.
Комисијата за стручни прашања може да предложи санкции за контролорот доколку функцијата контролор не ја извршувал согласно актите на ЗРКМ, и во својот извештај мора да наведат зошто контролорот се казнува.
Врз основа на спроведената анализа, и утврдени пропусти на натпреварот, може да се предложи, комисијата за делегирање, судискиот пар или контролорот да не бидат номинирани за натпревари од одреден период.

**Член 44.**

Во спроведувањето на анализата може да бидат вклучени и членови од комисијата за стручни прашања на здружението на ракометни судии на Македонија, во интерес на донесување на правилна одлука.
По спроведувањето на заеднички анализи на натпреварите, комисијата за стручни прашања како заклучок може да предложи до УО на ЗРКМ и УО на ЗРСМ, судискиот пар или контролор да бидат санкционирани или исклучени од понатамошно делегирање (во натамошниот текст „казна“). Заедничките комисии за стручни прашања мора да ја образложат својата одлука писмено, која ја доставуваат до нивните Управни одбори за понатамошна реализација.
Предлогот за казна се доставува до комисијата за спроведување на натпревари.
Контролор или делегат кој е суспендиран или казнет на временска казна од најмалку 3 месеци или најмалку 5 (пет) натпревари во текот на натпреварувачката сезона нема да биде ставен на листата на контролори на крајот од натпреварувачката сезона, туку ќе биде поставен еден ранг пониско, освен во случаи кога нема пониско ниво под листата во која се наоѓал. Одредувањето на овој вид казна не се применува ако сторителот на прекршокот повел постапка - жалба во втор степен пред повисок орган на одлучување, се до негово одлучување.
Доколку контролор или делегат биде казнет за натпревар во домашно првенство, тој нема да може да ги извршува своите должности како контролор на првенствени и куп натпревари.
За анализи на натпревари за кои нема видео снимки, а станува збор за листи од одредени натпревари во Првата и младинските лиги, комисијата за стручни прашања, врз основа на анализа и врз основа на упатствата дадени на почетокот на натпреварувачката сезона, ќе утврди за работата и квалитетот на контролорите.

**НАЧИН НА БОДУВАЊЕ**
Овластено за донесување одлука за унапредување/невклучување на листата на контролори.
**Контролори:**
**1) Тест на знаење – испит**
а. Минималниот процент на полагање на испитот е 85%, а за секој процентен поен помал од 100% ќе се доделат 0,25 негативни поени. Комисијата за стручни прашања може да предложи различен процент на полагање и да го прифати Управниот одбор на ЗРКМ.
б. Ментор кој ќе постигне од 84% до 65% точни одговори ќе добие 0,25 негативни поени за секој процентен поен помал од 100%, кои ќе бидат одземени од вкупната оценка и ќе има право на дополнителен испит утврден од страна на Управниот одбор на ЗРКМ.
в. Контролор кој ќе постигне помалку од 65% точни одговори ќе добие 0,25 негативни поени за секој процентен поен помал од 100% на испитот, нема да може да го полага повторното испитот или лиценцата и нема право да биде на листа на контролор во натпреварувачката сезона која претстои.
**2) Видео анализа**
а. Во текот на натпреварувачката сезона, секој контролор може да биде контролиран неколку пати преку видео анализа на натпреварот.
б. Доколку видео анализата утврди дека Извештајот од контролата се разликува за повеќе од една колона во една или две компоненти, тогаш оценката се исправа-корегира.
в. Доколку видео анализата утврди дека Извештајот на судијата се разликува за повеќе од три или повеќе компоненти, тогаш се врши целосна анализа и целиот резултат од надзорот се коригира според видео анализата, а на контролорот ќе му бидат доделени 0,5 негативни поени по компонента.
г. Доколку видео анализата утврди дека разликата во резултатот во поени е поголема од 15, комисијата за стручни прашања ќе ги промени бодовите во контролата на судискиот пар за анализираниот натпревар.

**3) Мислење од судиите**
а. Комисијата за стручни прашања може да побара мислење од судискиот пар за начинот на кој се извршуваат должностите на контролорот за време на натпреварот во врска со неговата ангажираност и стручност.
б. Претходниот став важи и за контролорите кои се на листите на лиги за кои нема обврска за снимање.
**4) Директна контрола**
а. Комисијата за спроведување на натпревари може да назначи лице кое може да присуствува на дерби натпревар, или натпревар од висок ризик и да врши дополнителна контрола на судиите и контролорите (супер контрола - како набљудувач). По завршување на натпреварот, тој е должен да стапи заедно со делегатот-контролор редовно делегиран, во контакт со судиите и им укажат заеднички на позитивните и негативните работи на натпреварот. При такво назначување на лице набљудувач, трошоците се на товар на РФМ.
б. При назначување на лице од претходниот став, Комисијата за спроведување на натпревари пожелно е да земе предвид дека само лица со признато знаење и искуство како контролори и делегати на супер лигата можат да ја вршат оваа функција, не врзана со листите на контролори и делегати.
в. За овој вид на контрола или метод на бодување се применува критериумот од точка 2 - Видео анализа.

**5) Список на негативни поени**
а. Список на негативни поени се води во текот на натпреварувачката сезона.
б. Рангирањето на контролорите според негативните поени се врши на таков начин што контролорот со најмалку негативни поени е на првото место, по него следува следниот контролор и така натаму, сè до последниот на листата.
Доколку контролор или делегат поднесе барање за мирување, неговиот статус на листа на делегати или контролори се става во мирување и на крајот од сезоната судијата или контролорот може да биде вклучен на листата на контролори или делегати на која бил во времето на поднесување на барањето, ако тоа мирување не е подолго од една година.
Доколку станува збор за барање за породилно отсуство, претходниот став не се применува.

**Член 45.**

Доколку контролор или делегат не може да присуствува на редовниот семинар од оправдани причини, тој или таа ќе биде поканет да полага дополнителен испит по одлука на УО на ЗРКМ. Доколку контролорот или делегатот не ги исполнува утврдените стандарди, тие нема да можат да ги извршуваат должностите за време на сезоната.
Листата на негативни поени за контролорите и делегатите, ја води комисијата за стручни прашања на ЗРКМ. По извршените анализи, комисијата за стручни прашања е должна писмено да ги извести членовите на УО на ЗРКМ и да го изрази своето мислење за тоа дали оценките на контролорите се во согласност со оценките добиени по извршените анализи.

**<u>Преодни и завршни одредби:</u>**

**Член 46.**

Право на толкување на овој правилник има Управниот одбор на ЗРКМ.

**Член 47.**

Измени и дополнувања на овој правилник се вршат на начин и по постапка како и за негово донесување.

**Член 48.**

Овој правилник влегува на сила со негово донесување на седница на УО на ЗРКМ на ден 15.06.2025 год, а престанува да важи правилникот донесен на 23.08.2003 год. во Охрид.

**Здружение на ракометни контролори и делегати на Македонија**
**Претседател**
**Марјан Начевски**